СЕГА
Коалиција на младински НВОи

# ИЗВЕШТАЈ

## од работата на

## Коалицијата на младински организации СЕГА

***За периодот јануари- декември 2007***

## Преглед на реализирани активности и проекти

- Проект: "Регионална застапеност на Коалицијата СЕГА"
- Активност: "Организирање на peer едукативни сесии за сексуална работа/трговија со луѓе /ХИВ /СИДА"
- Проект: "Кампања за имплементација на Националната стратегија за млади"
- Проект: "Младите во заштита на јавниот интерес"
- Проект: "Интегрирање на родовата перспектива во имплементација на националната младинска политика"
- Активност: Развој на партнерства - Меѓународна соработка
- Активност: Преглед на работењето на Тренинг центарот и спроведените активности во 2007

Проект **“Регионална застапеност на Коалицијата СЕГА”**

**<u>Општа цел</u>:**

Зајакнување на капацитетите на Коалицијата на младински организации СЕГА.

**<u>Конкретни цели</u>:**

1. Оспособување и функционирање на регионалната канцеларија на Коалицијата на младински организации СЕГА во Скопје
2. Воспоставување на функционална структура спремна за имплементација на активности на регионално ниво

**Активности / имплементација:**

Во согласност со предвидените цели на проектот, во период предвиден за имплементација на проектот беа превземени сите активности кои обезбедија успешна реализација на истиот.

1. **Набавка на опрема:**

Во согласност со воспоставените внатрешни процедури на Коалицијата СЕГА, за успешно функционирање на регионалната канцеларија предвидено беше да се изврши набавка на опрема, беше донесена одлука за прибирање на понуди за набавка на мебел, и техничка опрема. Што се однесува до мебелот барањето се однесуваше за набавка на: канцелариско биро, 1 работна столица, 2 канцелариски столици. Барањето за прибирање на понуди за техничка опрема се однесуваше за набака на: 2 персонални компјутери, ласерски печатар, телефон-факс и одредена количина на канцелариски материјали.
Според планот за реализација на оваа активност, во предвидениот рок се прибраа понуди за набавка на опрема, а во согласност со одлуката за формирање на комисија за избор на најповолна пунуда на 20.07.2007 комисијата заседаваше и ги избра најповолните понуди. После донесената одлука се изврши набавка на предвидената опрема.

2. **Објавување на внатрешен конкурс за избор на организација која ќе ја менаџира регионалната канцеларија Скопје 2:**

Согласно пропишаните внатрешни процедури, воспоставени во рамки на Коалицијата СЕГА, Управниот одбор (УО) на Коалицијата СЕГА на 15.08.2007 година одржа редовен состанок на кој се дискутираше за процедурите за распишување на конкурс за избор на организација која ќе ја менаџира регионалната канцеларија Скопје-2. При тоа се усвоија сите критериуми кои треба да ги исполнуваат организациите кои ќе аплицираат за раководење со работата на регионалната канцеларија. Управниот одбор, на истиот состанок донесе одлука за распишување на конкурс со кој понатаму Извршниот директор беше задолжен да ги спроведува утврдените препораки. Веднаш после донесените одлуки на УО, Централната

канцеларија на СЕГА подготви апликација  и допис со кој се објави конкурсот со апликацијата, критериумите, процедурите и временскиот рок, кои ќе треба да ги исполнат заинтересираните организации.

3. **Прибирање на апликации:**

Според одлуката на УО од 17.08.2007 година, Извршниот директор на Коалицијата СЕГА го распиша Конкурсот за избор на организација која ќе раководи со Регионалната Канцеларија на Коалицијата во Скопје (РК Скопје-2). Конкурсот беше со времетраење од десет дена до 28.08.2007 година. Според истиот Администраторот на Коалицијата беше одговорен за сите дополнителни информации.

4. **Донесување на одлука за назначување на регионална канцеларија Скопје 2 и регионален асистент:**

Согласно пропишаниот рок во конкурсот, пристигнатите апликации со потребната документација се доставија до Управниот одбор на организацијата, кој на 30.08.2007 година одржа редовен состанок. На истиот се разгледуваше апликацијата на единствената организација кој се пријави на конкурсот. Управниот Одбор после дискусијата по точката на дневен ред за разгледување на пристигнатите апликации, се изјасни позитивно, со што се донесе одлука за доделување за раководење на РК Скопје-2 на организацијата УМКА од Скопје (полноправна членка на Коалицијата СЕГА) со соодветен Регионален Асистент за истата канцеларија.

5. **Отворање на Регионална канцеларија Скопје-2:**

После донесување на одлуката за раководење со Регионалната канцеларија на Скопје-2, Извршниот директор на Коалицијата СЕГА донесе одлука за формирање на пописна комисија која треба да ја задолжи опремата во соодветната канцеларија. После дистрибуцијата на набавената опрема за регионалната кацеларија, трочленената пописна комисија изврши попис на целокупната опрема со која се задолжи организација УМКА за да раководи со истата. Во согласност со внатрешните процедури на СЕГА, се потполни пописниот формулар и се потпиша договор со организацијата со кој се задолжува истата со опремата наведена во пописната листа.

**Постигнати резултати**:

- оспособена и функционална регионална канцеларија на Коалицијата СЕГА во Скопје (РК Скопје 2)
- зајакнати материјални и човечки капацитети на Коалицијата СЕГА
- подобрен квалитет при спроведување на предвидените активности на Коалицијата СЕГА
- подобрена соработка на младинските организации во Скопје и регионот со кои РК Скопје 2 е во секојдневна комуникација

Активност **"Организирање на peer едукативни сесии за сексуална работа / трговија со луѓе / ХИВ/СИДА"**
Во насока на зајакнување на внатрешните партнерски односи на организациите членки и коалицијата, по иницијатива на ХОПС Скопје, организација која учествува во реализацијата на преоктот "Градење на координиран Национален одговор кон ХИВ/СИДА во Република Македонија" во партнерство со Министерство за здравство на Р.М. и Global Found, во текот на месец јануари 2007 година се потпиша Меморандум за соработка помеѓу двете организации со кои се прецизираат одговорностите на двете страни во насока на имплементација на активностите од именуваниот проект. Преку 5те канцеларии на коалицијата СЕГА во Скопје, Охрид, Прилеп, Штип и Тетово беа обучени 31 PEER едукатори кои потоа работејќи во тимови со поддршка на средните училишта во нивните региони со PEER едукација се опфатија 1516 млади од кои 1479 беа девојки. (Скопје – 281, Охрид – 345, Прилеп – 292, Штип – 253 и Тетово – 308)




Проект: **“Кампања за имплементација на Националната стратегија за млади”**

**Цели**:

- Да се создадат услови за воспоставување на стратешки партнерства меѓу Коалицијата и Агенцијата за млади и спорт, министерствата и други институции во процесот на имплементација на Националната стратегија за млади
- Да се промовира потребата за имплементација на Националната стратегија за млади на национално и локално ниво, како средство за систематско застапување и според тоа за подобрување на севкупната состојба на младите во земјата
- Да се подигне профилот на Коалицијата како партнер со ресурси и капацитети за придонес кон имплементацијата на Националната стратегија за млади

**Активности**

1. **Воспоставување на стратешко партнерство меѓу Коалицијата и Агенцијата за млади и спорт и потпишување на Меморандум за соработка**

На почеток на имплементацијата на кампањата беа одржани повеќе состаноци со АМС со цел да се договори начелната динамика за спроведување на предвидените активности од кампањата. На овие состаноци беше утврдена потребата од официјализирање на соработката и потпишување на Меморандум за партнерска соработка помеѓу АМС и Коалицијата СЕГА. Со меморандумот, поконкретно се утврдија одговорностите на партнерите во насока на распределба на задачите и одговорностите. Исто така се утврди и начинот на финансирање на целата кампања, според која вкупниот буџет е 1 212 288.00 мкд, во кој со 722 994.00 мкд учествува Европската Агенција за Реконстрикција преку проектот за Јакнење на граѓанските организиции, со 309 099.00 мкд Агенцијата за млади и спорт и со 180195.00 мкд Коалицијата СЕГА.

Официјалниот почеток на кампањата беше означен со организирање на национална средба со медиумите на која говореа Љубен Тевдовски - тогашен раководител на секторот за млади при АМС, Зоран Илиески - извршен директор на Коалицијата СЕГА и John Stiles - team leader на проектот за јакнење на капацитетите на граѓанските организации во Р. Македонија, преку кои и беа обезбедени дел од финасиските средства за реализација на кампањата. На овој настан забележан беше голем интерес од страна на медиумите земајќи го во предвид присуството на **16** претставници на национални печатени и електронски медиуми кои известија преку своите медумски куќи за настанот.

2. **Средба со Премиерот на Владата на Р. Македонија за да се добие поддршка за имплементација на Националната стратегија за млади**

Оваа активност според временскиот план за имплементација на кампањата е предвидена да се одржи после завршување на сите предвидени активности со цел да се презентираат сите заклучоци и препораки од имплементацијата пред премиерот на Владата на Р. Македонија.

2.1 Средба со Министерот за Образование и Наука за да се усогласат заедничките приоритети меѓу Националната стратегија за млади и Националната стратегија за образование

Во насока на вклучување на сите засегнати владини институции, кампањата предвиде и активности со Мин. за образование и наука со цел да се утврдат заедничките приоритети во НСМ и НСЕ. Се оствариjа повеќе состаноци со претставници од Мин. за образование на кои беа дискутирани тековните стратегии и на министерството и кои би биле можностите за координација на процесот на имплементација на НСМ. Како главна препорака и заклучок од овие средби е намерата да се создаде меѓу-владино тело кое би имало за задача да ги усогласи политиките на сите министерства кои имаат влијание и одговорности во предвидените мерки од НСМ. Еден од резултатите на воспоставената соработка и препознатливост на СЕГА како сериозен партнер на ова министерство е вклучувањето на претставник на Коалицијата СЕГА за член во

работната група за промоција и работа со Европската програма ’Граѓани за Европа’ кој воедно е назначен како потпредседател на работната група од страна на Министерот.

2.2 Средба со Министерот за Локална Самоуправа за да се договори вклучувањето на младинската димензија во програмите на Локалните Самоуправи

Таргетирајќи ја важноста на Министерството за ЛС за вклучување на младинскта димензија во работата и програмите на ЛС, беа реализирани неколку формални средби со (поранешниот) Министер од споменатото министерство. На овие средби беше презентирана кампањата и нејзините намери како и големата важност од вклучувањето на препораките на Европската повелба за учество на младите во локалниот и регионалниот живот во стратегиите на ЛС. На овие средби беше договорена и заедничка прес конференција на која би се промовирала европската повелба за учество на младите во локалниот и регионалниот живот.

### 3. Медиуми и промотивни активности на национално ниво

Паралелно со активностите за воспоставување стратешко партнерство со АМС и со активностите на национално ниво предвидена беше и медиумска промоција на кампањата. За таа цел се изработија два ТВ спота со траење од 33” кои се емитуваа на најгледаната националена теливизија, А1 Телевизија. ТВ спотовите се емитуваа во период од 49 дена со интезитет од 34 емитувања.

### 4. Средба со градоначалници и претставници на Локални Самоуправи од 10 избрани општини за да се промовира Кампањата, Националната стратегија за млади и да се добие нивна поддршка

Водени од препораките кои ги добивме од состаноците со министерството за локална самоуправа и предвидените стратегии за застапување и лобирање во рамките на кампањата при организирањето на локалните настани за промоција на НСМ се организираа состаноци со претставници на локалните самоуправи. Во таа насока (до денот на подготвување на овој извештај) се реализираа 10 средби со градоначалици или претставници на општините: Прилеп, Берово, Битола, Охрид, Тетово, Штип, Струмица, Свети Николе, Радовиш и Струмица. На средбите се презентираше кампањата, нејзините намери, НСМ и Европската повелба за учество на младите во локалниот и регионалниот живот. Од одржаните средби е добиена силна поддршка од страна на локалните авторитети за нивно учество во процесите на имплементација на НСМ, изразувајќи ја истата со потпишување на Изјава за Поддршка.

### 5. Локални промоции на Националната стратегија за млади и Коалицијата преку отворени форуми, културни настани и промотивни материјали

Предвидените активности за локална промоција вклучија организирање на Јавни промотивни настани, работилници во средните училишта и факултетите, организрање на средби со претставниците на Заводот за Здравствена Заштита и средби со претставниците на институциите од областа на културата.
Во оваа фаза се организираа вкупно 24 работилници во средни училишта во различни градови во Македонија со учество на околу 660 млади од средните училишта,

состаноци со Заводите за Здравствена Заштита во 4 градови, 4 состаноци со локални институции и организации кои работат на развој на културата. На 10те Јавни промотивни настани учествуваа околу 250 претставници на локални самоуправи, советници од градските собранија, медиуми, училишта, подрачни единици на министерства, претставници на згруженија на граѓани од градовите Прилеп, Берово, Битола, Охрид, Тетово, Штип, Струмица, Свети Николе, Радовиш и Струмица. Во следниот период планирано е да се одржат Јавни промотивни настани во: Скопје, Струмица, Ресен и Велес. Од овие настани произлегоа заклучоци кои се во насока на поддршка при процесите на имплементација на НСМ со активно вклучување на локалните засегнати страни. На настанот во Битола, Претседавачот на Советот на општина Битола ја искажа својата спремност од отворање на процес за креирање на локална младинска стратегија, во Охрид Градоначалникот на општината јавно ја изрази спремноста за отпочнување на процеси за изготвување на ЛМС. Во Берово претставникот на ЛС посочи дека при креирањето на локалните политики за економски развој ќе бидат земени предвидените стратегии од приоритетот за вработување.

### 6. Печатење на Европската повелба за учество на младите во локалниот и регионалниот живот

Од посебна важност за развојот на младинските политики подобрување на животот на младите на локално ниво, а воедно и за насоките на работа со млади на локалните самоуправи е документот "Ревидирана европска повелба за учество на младите во локалниот и регионалниот развој". Овој документ е усвоен од Конгресот на Локалните и Регионалните власти на Европа (10-та седница - 21 Мај 2003- додаток на Препорака 128), кој за прв пат со оваа кампања е преведен и публикуван на македонски јазик. Земајќи ја во предвид неговата важност истиот беше дел од промотивните настани со локалните авторитети. Презентацијата на Европската Повелба овозможи подлабоко информирање на засегнатите страни за Секторските политики на повелбата, Инструментите за младинско учество и за Институционално учество на младите луѓе во локалните и регионалните работи. Од отворените дискусии мора да го потенцираме големиот интерес на локалните авторитети за превземање на препораките од истиот. Ревидираната "Европска повелба за учество на младите во локалниот и регионалниот развој" беше испечатена во тираж од 2 830 примероци и дистрибуирана на сите настани од кампањата.

**Клучни постигнати резултати:**

- Воспоставено стратешко партнерство со Агенцијата за Млади и спорт на Р. Македонија преку Потпишување на Меморандум за Соработка за партнерство при имплементација на Кампањата Младите СЕГА!;

- Промовирана е потребата од имплементација на НСМ пред различните засегнати страни на локално и национално ниво, започнати иницијативи за изготвување на локални младински политики и постигната согласност за отпочнување на процеси за изготвување на Акционен план за имплементација на НСМ од страна на Владата на Р. Македонија;

- Подигнат профил на коалицијата СЕГА, кај младите и младинските организации, локалните самоуправи и владините институции, препозната како партнер со

капацитет и ресурси кои можат да придонесат кон имплементација на НСМ, потпишани 42 Изјави за поддршка од страна на градоначалници, образовни институции, локални институции од културата и здруженија на граѓани;

- Отворен процес за креирање на Акционен План за имплементација на Националната Стратегија за Млади на Р. Македонија;

- Потпишани <u>Изјави за поддршка</u> на Коалицијата СЕГА и Кампањата за имплементација на Националната Стратегија за Млади на Р. Македонија и спремност за учество во понатамошните активности **поврзани во врска со Националната Стратегија на Млади од страна на 10 градоначалници**;

- Потпишани <u>Изјави за поддршка</u> на Коалицијата СЕГА и Кампањата за имплементација на Националната Стратегија за Млади на Р. Македонија и спремност за учество во понатамошните активности поврзани во врска со Националната Стратегија на Млади од страна на **11 државни средни училишта**;

- Потпишани <u>Изјави за поддршка</u> на Коалицијата СЕГА и Кампањата за имплементација на Националната Стратегија за Млади на Р. Македонија и спремност за учество во понатамошните активности поврзани во врска со Националната Стратегија на Млади од страна на **8 основни училишта**;

- Потпишани <u>Изјави за поддршка</u> на Коалицијата СЕГА и Кампањата за имплементација на Националната Стратегија за Млади на Р. Македонија и спремност за учество во понатамошните активности поврзани во врска со Националната Стратегија на Млади од страна на **14 други институции на локално ниво.**

**Постигнати резултати како влијание од спроведената кампања**

- Потпишан <u>Меморандум за Соработка</u> со Агенцијата за млади и спорт за партнерска соработка при изготвување на Акционен План за имплементација на Националната Стратегија за Млади на Р. Македонија;

- <u>Номиниран член на Коалицијата СЕГА во работната група</u> за промоција и работење со Програмата "Граѓани за Европа", од страна на Министерството за образование и наука на Р. Македонија;

- Постигната согласност со локалните самоуправи за отпочнување на изработка на локални младински политики во Битола, Охрид и Штип;

- Подготвен проект за изготвување на Акционен План за имплементација на Националната Стратегија за Млади на Р. Македонија и аплициран до меѓународни организации.

Проект: **"Младината во заштита на јавниот интерес"**

**Цели:**

- Креирање на информациона мрежа на млади луѓе и младински организации во регионот на Источна Македонија
- Афирмирање на моменталниот капацитет на младинските организации во граѓанското општество во регионот и согласност за интервенции за подобрување на нивните организациски капацитети.
- Да се обезбеди основна обука за младинските организации во регионот на Источна Македонија за Градење на тим, Комуникациски вештини и лидерство, Менаџмент на Проектен Циклус, Односи со јавноста, Стратешк планирање, Креирање на Политика, Лобирање и застапување (advocacy).

**Активности:**

*Активност 1. Воспоставување мрежа на младински групи и младински организации за граѓанско општество*

Со цел ширење на информации за проектните цели и активности, и со цел да се постигне повисоко ниво на јавни информации, информации/контакти, на младинските организации и организации што работат со млади, беа собрани на почетокот на имплементирањето на проектот. Информациите беа собрани преку постоечките адресари, различните е-маил листи, и исто така преку користење на контакти во некои од локалните самоуправи во целните градови. Овие контакти беа искористени за да се испрати јавен повик за вклучување на младински групи и организации во проектот. Само 12 младински организации и 8 неформални младински групи аплицираа во предвидениот временски период. Според информацијата дадена во апликациите, проектниот тим селектираше 12 групи - една младинска организација и една неформална група од секој од целните градови (Штип, Струмица, Кочани, Гевгелија, Кавадарци и Неготино). Сите апликанти беа информирани за резултатите од процесот на селекција, и селектираните младински организации и неформални групи беа поканети да партиципираат на еднодневен состанок за основна евалуација на капацитетите и потребите за интервенции кои би можеле да ги зајакнат нивните капацитети.
Во овој период беше креирана е-маил листа за размена на информации помеѓу сите организации кои одговорија на повикот. Оваа листа сега е функционална sega_ist_youth@yahoogroups.com.
По објавата на повикот, беше организирана регионална прес конференција за локалните и регионалните медиуми за Источна Македонија на 13 ноември 2007. Оваа прес конференција беше организирана со цел да се информира јавноста за целите и клучните активности на проектот. Настанот се одржа во Коалициската регионална канцеларија во Штип; и 8 претставници на локалните и регионалните/националните пишани и електронски медиуми учествуваа – тие подоцна известуваа во информативните секции во нивните медиуми.

*Активност 2. Евалуационен состанок со младите и младинските организации за граѓанско право*

Еднодневниот состанок за евалуација на организационите капацитети се одржа во Струмица (хотел "Тивериопол"). На состанокот партиципираа по два члена од секоја од селектираните организации и неформалните групи.
Овој настан беше организиран со цел да се изврши проценка на организациите и неформалните групи во однос на нивните потреби за зајакнување на нивните капацитети, и според тоа, специфична алатка за организациона само-проценка беше подготвена да функционира за време на состанокот. Покрај ова учесниците дискутираа за можностите за соработка и влијание врз локалната управа за време на креирањето и имплементирањето на младинските политики.
Исто така, состанокот, кој беше прв состанок за сите учесници, беше искористен за овозможување на учесниците да се запознаат меѓу себе, да комуницираат и да се воведат во проектните цели и активности. Дополнителен успех од состанокот беше интересот на локалните медиуми чиј тим присуствуваше на состанокот и подготви кратки информации за настанот. Овој настан им овозможи на селектираните организации и младинските неформални групи да го увидат нивниот сопствен капацитет, нивните јаки и слаби страни, да ги идентифицираат приоритетите и потребите за градењето на нивниот организациски капацитет. Од друга страна, проектниот тим имаше шанса да ги запознае организациите, да ги увиди нивните капацитети и да ги идентификува можните потреби за интервенција.

*Активност 4. Процесите на градење на капацитет на младинското граѓанско општество*

Во согласност со проектниот план за имплементацијата на активностите, беа организирани 4 тренинг семинари. Овие тренинг семинари требаше да ги зајакнат капацитетите на селектираните организации и неформалните групи и да ги снабдат со знаења и вештини потребни за реализација на локалните кампањи планирани за периодот кој следеше. Тренинг семинарот "Градење на тим, Комуникациски вештини и лидерство" се одржа во Виница (х. "Центро Бизнис") во периодот од 21 до 23 Декември 2007 година. 24 учесници присуствуваа на семинарот, за време на кој, тие имаа шанса да ги зголемат своите вештини за комуникација и тимска работа и надоградување на нивното знаење за лидерството. Различни методи и елементи на неформалната едукација беа користени за време на тренингот: презентации, бреинсторминг (brainstorming) сесии, работа во мали групи, енергетици, дискусии, евалуации; цело време обучувачот го одржуваше задоволителното ниво на интеракција и еднакво учество на сите.
Според евалуацијата на тренингот, очекувањата на учесниците беа постигнати, што е изразено во анализите во финалната евалуација на тренингот и извештајот на обучувачот (кој дојде до заклучоци низ дискусијата со учесниците и невербалните индикатори, преку вежбите за интерна евалуација, и компарација на примарните очекувања на учесниците со финалните коментари).
За време на периодот на подготовка на овој извештај (месец Јануари 2008), уште два тренинг семинари се одржаа ("Менаџмент на Проектен Циклус" и "Односи со Јавноста"), при што очекуваме да го организираме последниот тренинг на почетокот на Февруари 2008. Овие тренинзи ќе бидат објаснети во следниот извештај.

**Резултати:**

- 6 младински групи учествуваа во проектните активности (8 младински групи – тоа се сите групи кои аплицираа за да бидат вклучени во проектот – се вклучени во информацискaта мрежа – yahoo групата за размена на информации и идеи).
- 6 младински организации се вклучени во проектните активности (12 младински организации - тоа се сите организации кои аплицираа за вклучување во проектот - се вклучени во информационата мрежа - yahoo групата за размена на информации и идеи)
- 8 организациски само-проценки беа изведени и целосниот број не е опфатен бидејќи неформалните групи се сеуште во почетна фаза од нивната работа и немаа многу аспекти при кои што требаше да се изврши проценка. Според извештајот на помошникот (SWOT анализа сесиите), скоро 90% од учесниците се согласија дека им треба асистирање додека го градат својот капацитет; Исто така, проектниот тим и помошникот проценија дека тренингот "стратешко планирање" не е потребен во овој период бидејќи повеќето од организациите потребно е да го имплементираат целиот процес на стратешко планирање, а не само дводневен тренинг на темата (што може да биде збунувачко земајќи го во предвид нивото на развој на повеќето групи).
- Еден тренинг семинар ("Комуникациски вештини и лидерство") беше организиран за време на овој известувачки период
- 6 младински организации и 6 неформални групи бенифицираа од овој тренинг (24 лица учествуваа во тренингот)

Проект **"Интеграција на родовата перспектива во Националната Политика за Млади"**

Главната цел во овој проект е интеграцијата на родовата перспектива во официјалната национална политика за млади и подготовката на акционен план за 2009 година за негово имплементирање. За време на овој известувачки период, следниве клучни резултати беа постигнати:

- Приоритетните акции за имплементација на Националната Стратегија за Млади на Република Македонија беа утврдени;
- Членовите на Националниот Управувачки Комитет беа селектирани од младинските организации низ транспарентен процес;

- Селектираните и предложените членови за Националниот Управувачки Комитет (НУК) беа одобрени и прифатени од Агенцијата за Млади и Спорт на Р. Македонија (АМС) (државната институција која е одговорна за имплементирањето на Националната Политика за Млади во Македонија);

- Тренинг семинар за родова еднаквост и младинска политика беше организиран за членовите на НУК

Главната цел на проектот е интеграцијата на родовата перспектива во Националната Политика за Млади и подготовка на Акционен План за 2009.

Проектниот тим се соочи со некои потешкотии за време на реализацијата на планираните активности поврзани со тренингот на членовите на НУК. Имено, бројот на учесници на тренингот беше помал од претходно планираниот, бидејќи сите номинирани членови од министерствата не учествуваа. Според тоа, Коалиција СЕГА воспостави ургентна комуникација со АМС и Секретаријатот за Европски Прашања; после тоа, двете институции испратија забелешки со силна препорака до сите министерства кои номинираа претставници за да го обезбедат нивното присуство за следниот состанок на НУК.

Научените лекции од сите досега реализирани активности, можат да бидат подобрената координација со партнерите (АМС) и процесот на идентификување на модели за подобрување на нивната ефикасност за време на реализацијата на планираните активности. Во однос на некомплетното учество на членовите на НУК на тренингот на родовата еднаквост и младинската политика, утврдивме дека е потребно за АМС да ги идентификува и да ги примени механизмите за да ја обезбеди партиципацијата на сите номинирани претставници од различните министерства за состаноците. Една од алатките ќе биде директната комуникација (покрај пишана пошта) од страна на АМС со сите членови на НУК.

**Резултати:**

- Детерминирани приоритетните акции за имплементација на Националната Стратегија за Млади

- Селектирани членовите - претставници на младинските организации за Националниот Управувачки Комитет

- Одобрени и прифатени членовите на НУК од страна на Агенцијата за Млади и Спорт на РМ.

- Организиран тренинг за родова еднаквост и младинска политика за членовите на НУК

Учесниците на Младинската Конференција за согласност за приоритетните акции за имплементација на Националната Стратегија за Млади на Република Македонија (која

се одржа во х. "Континентал" - Скопје на 26.09.2007), ги детерминираа приоритетните акции за имплементација на НСМ низ работење во осум мали работни групи. 55 учесници (26 женски и 29 машки) присуствуваа на Конференцијата. Исто така, според очекуваниот број на женски организации - 8 женски организации (или организации кои работат на полето на родовите тематики) присуствуваа на Конференцијата.

Освен за приоритетните акции за имплементација на НСМ, учесниците на Конференцијата се согласија за критериумите за селекција на членови на Националниот Управувачки Комитет (НУК). Овие се критериумите за кои учесниците се согласија да бидат приоритетни за номинираните кандидати за членови на НУК:

- да биде младински работник
- да доаѓа од релевантна НВО која делува на областа за која кандидатот е номиниран
- да има искуство во подготовка на Акциони планови
- да биде запознат со процесот на подготовка на НСМ
- да има познавање од англиски јазик
- и да биде специјалист во кореспондентската област

После ова, на транспарентен начин, сите од осумте групи ги предложија своите кандидати за членови на НУК. Исто така, важно е да се спомене дека секоја група беше охрабрена за биде внимателна во врска со воспоставувањето на баланс на родовите додека ги избираат своите кандидати. За време на овој процес, 8 кандидати за НУК од организациите за граѓанско општество беа предложени:

1. Ристе Шурбевски (ССУКМ) - едукација
2. Иван Штерјовски (УМКА Скопје) - младинско само-вработување, поддршка пред вработување
3. Катерина Георгиевска (Македонска ИВКА) - Квалитет на животот
4. Христијан Јанкулоски (ХОПС Опција за здрав живот) - Здравје и превенција
5. Даниела Крстеска (Младински Совет Прилеп) - Младинска партиципација
6. Владимир Ристевски (Нова Парадигма Битола) - Младински информации
7. Александар Кирковски (Младинска Асоцијација ИМКА Битола) - Култура
8. Никола Станкоски (Волонтерски Центар Скопје) - локална младинска работа

Ние ја доставивме оваа листа (номинирани за членови на НУК) до Агенцијата за млади и спорт на РМ (АМС). Подоцна, на 02.11.2007, ние добивме официјален одговор од АМС со информацијата кандидатите на граѓанското општество беа прифатени да станат членови на НУК.

Со цел да се комплетира составот на НУК, и според договорот со кој АМС има обврска да ги номинира членовите за НУК од релевантните Министерства, Агенцијата ги номинираше следните кандидати до 20 Ноември:

1. Светлана Пинева-Лазаревска, Министерство за Образование и Наука
2. Борис Јосифовски, Министерство за Култура
3. Јулијана Георгиевска, Министерство за Правда
4. Лирие Елези, Министерство за Локална Самоуправа
5. Дејан Пановски, Министерство за Животна Средина
6. Снежана Манчева, Секретаријат за Европски Прашања
7. Тања Костовска, Министерство за Финансии
8. Сејди Џемаили, Министерство за Труд и Социјална Политика.

Вкупниот број на членови на НУК е 16 членови претставувајќи го следниот родов баланс: 7 женски и 9 машки претставници.

Планираниот тренинг за "Родова Еднаквост" и "Младинска Политика" за членовите на НУК се одржа во х. "Континентал" во Скопје во периодот од 23 - 25 Ноември 2007 година. Тренингот беше поделен во два делови. Првиот дел се однесуваше на тематиката на развојот и значењето на родовата перспектива; и вториот дел на тренингот целеше да ги обезбеди учесниците со доплонителни информации кои се однесуваат на младинската политика, со разгледување на другите искуства од младинските политики низ ЕУ.

11 Членови на НУК учествуваа на тренингот. Тие се стекнаа со дополнително знаење за темите на тренингот за време на тренингот (особено во однос на родовата еднаквост и искуствата од младинските политики во државите од Средна Европа). Членовите на НУК одлучија да го одложат делот за "акционо планирање" за друг состанок кога сите членови на НУК треба да партиципираат.

**Успешни стратегии**

Покана и повик за апликации за учество во "Младинска Конференција за согласност во однос на приоритетните акции за имплементација на Националната Стратегија за Млади на Република Македонија" беше испратена до сите младински организации и организации кои работат на полето на родовата еднаквост на 10.09.2007 година. Процесот на ширење на информацијата и прифаќањето на апликациите беше реализирано низ петте канцеларии на Коалиција СЕГА што значително имплицираше врз бројот на добиени апликации - 62 претставници од различни младински организации и организации кои работат на родовата еднаквост аплицираа на повикот.

Конференцијата се одржа во х. "Континентал" - Скопје на 26.09.2007.

Беше планирано да присуствуваат 40 учесници на конференцијата - претставници од младинските организации и организации кои работат на полето на родовата еднаквост. Но, откако покажаниот интерес за учество беше поголем, 59 претставници од НВОи партиципираа на Конференцијата.

Ние сметаме дека низ зголемениот број на учесници (кој е поголем од претходно предвидениот), обезбедивме поширока партиципација на граѓанските организации во процесот на утврдување приоритети за имплементација на државните стратегии.

Учеството на претставниците од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и Секретаријатот за Европски Прашања беше сигурна потврда за важноста на овој настан.

Со цел да се обезбеди поширока вклученост на организациите кои работат на родовата еднаквост, особено организациите кои учествуваа на "Младинската Конференција за согласност во однос на приоритетните акции за имплементација на Националната Стратегија за Млади на Република Македонија", Коалиција СЕГА организираше состанок со претставниците на овие организации во Регионалната канцеларија на Коалиција во Скопје на 8 Ноември 2007.

Темата на состанокот беше тренинг за обучувачи за родова еднаквост на членовите на НУК. Дискусијата беше за: потребните капацитети на обучувачот, модулите на тренингот и методите кои можат да се користат и се во согласност со потребите на целната група. Исто така, учесниците на состанокот препорачаа дека изворните материјали за родовата еднаквост треба да им се испратат на членовите на НУК и дека тие материјали треба да бидат дел од работните материјали на тренингот.

Настанот ја подигна соработката помеѓу организациите од полето на родовата еднаквост и беше постигната согласност овие организации да бидат вклучени во работата на подгрупите. Исто така, беше постигната согласност дека групата на организации која работи на родовата еднаквост треба да работи како тим кој подетално

ќе ги разгледуваат драфт верзиите на АП 2009 со цел да влијаат врз квалитетот преку соодветни препораки и сугестии упатени кон НУК.

Се соочивме со некои тешкотии за време на реализацијата на планираните активности поврзани со тренингот за членовите на НУК. Имено, бројот на учесници на тренингот беше помал од претходно планираниот, бидејќи никој од номинираните членови од министерствата не присуствуваше. Поради тоа, Коалиција СЕГА воспостави ургентна комуникација со АМС и Секретаријатот за Европски Прашања; После тоа, двете институции испратија забелешки со силни препораки до сите министерства кои номинираа претставник да го обезбедат присуството на нивниот претставник на следниот состанок на НУК.

На Конференцијата присуствуваа 55 учесници (26 женски и 29 машки). Како што беше очекувано - 8 организации на жени / или организации кои работат на родовите тематики / партиципираа на Конференцијата. Повеќе организации кои работат на полето на родовите тематики беа поканети да аплицираат на повикот, но многу од нив испратија слаби/лошо подготвени/ претставници или имаа лоши апликации, или немаа време да партиципираат. Еден од учесниците на Конференцијата, претставникот од "Акција Здруженска" одби да учествува во идните активности во однос на подготовката на Акциониот План, со образложение дека оваа одлука се базира на претходното/незадоволително/искуство со владините документи.

Со цел да се инволвираат организациите кои работат на полето на родова еднаквост, организиравме два состаноци со нив каде дискутиравме за нивната евентуална вклученост во процесот на подготовка на Акциониот План. Според тоа, 9 организации на жени и организации кои работат на процесот на родова еднаквост беа инволвирани.

**Активност: Развој на партнерства-Мегународна соработка**

Во текот на 2007 година меѓународната соработка се темелеше на редовна комуникација со постојните партнери и воспоставување на нови партнерства со организации и институции од регионот на SEE и останатиот дел од Европа. Како резултат на тоа се реализираа два проекти со партнерски организации од Р. Хрватска и Р. Турција. Коалицијата СЕГА беше партнер на CROATIAN YOUTH NETWORK (CYN) при релаизација на проектот **DIFFERENT BACKGROUNDS - SAME CHALLENGES** во кои учествуваа двајца претставници од Коалицијата СЕГА. Исто така нашата организација беше партнер на HACETTEPE UNIVERSITY ECONOMICS CLUB од Р. Турција која го реализираше проектот **"European Youth Project - Young Development"** во чија реализација учествуваа 5 претставници на Коалицијата СЕГА.
Редовна комуникација и размена на информации во текот на цела 2007 година се реализираше со European Youth Forum со цел континуирано информирање за активностите кои ги реализира коалицијата како и за промените и напредокот во полето на младинската политика во Македонија.

**Активност: Преглед на работењето на Тренинг центарот и спроведени активности во 2007**

Во текот на планирањето и спроведувањето на активности во 2007 година, Тренинг центарот доби голема поддршка од SNV, Холандска развојна организација. Со нивна помош Тренинг центарот направи план за развој кој беше за периодот март – септември 2007 година. Поради појавата на објективни причини планот се реализираше до декември 2007 година.
Во самиот план беа предвидени активности кои се однесуваа како на организациско јакнење на центарот така и на зголемување на вештините и способностите на тренерите.
Во првиот дел кој се однесуваше на организациското јакнење на центарот, беше формирано координативно тело на истиот. Во ова координативно тело членува по еден претставник од секој тим на тренери. Самото координативно тело има советодавна улога.
На состаноците кои ги имаше ова координативно тело, го разгледуваше правилникот за работа на Тренинг центарот и истиот го предаде до Управниот одбор на Коалицијата за усвојување. Во текот на изминатата година до Управниот одбор беше поднесена една иницијатива за промена на член во Правилникот, а се однесуваше во насока на заштита на авторските права на тренерите.
Исто така беше одржан и тродневен работен состанок на кој се вршеше подготовка на прирачниците кои тренерите треба да ги користат во нивната понатамошна работа. На самиот состанок од страна на тренерите два прирачници беа подготвени, додека уште два се сработија во текот на наредниот месец.
Откако прирачниците беа готови, координативното тело ги разгледуваше истите и на авторите им даде одредени забелешки, во насока на подобрување на квалитетот на истите.

Во наредниот период тренерите одржаа по една работилница која беше дел од нивната практична работа, на која ги испробуваа модулите и прирачниците.
При крајот од спроведувањето на планот на Тренинг центарот, се одржа уште еден тродневен работен состанок на кој присуствуваа веќе постоечките тренери на Тренинг центарот, и потенцијалните тренери кои доаѓаа од новите членки на коалицијата, а не беа опфатени во фазата на формирањето. На овој состанок тренерите имаа можност да разменат добри и лоши практики од нивното искуство како тренери.
Исто така според предвиденото во планот, беа извршени посети на новите организации на Коалицијата. На тие посети се вршеше проценка на капацитетите на организациите како во однос на технички и финансиски капацитети, така и во однос на човекови ресурси кои би можеле да се вклучат во Тренинг центарот на Коалицијата.
Во текот на целиот период додека се спроведуваа активностите на web страната на Коалицијата беа објавувани информации за истите, исто така на оваа web страна се објавива и CV-јата на тренерите.
И во последниот месец од спроведувањето на активностите, со поддршка на SNV се испечатија 5 видови на прирачници, кои ќе се користат во идната работа на Тренинг центарот.

**Зоран Илиески с.р.**
**Извршен директор** **Прилеп, 31.01.2008**